| Ризик од промена на трошоци на живот |
|---|

**Показатели:**

**1.Годишна стапка на инфлација**
**2.Соодност на СЕ и индекс на трошоци на живот**
**3.Реална стапка на принос на зпф (претходни 12 месеци)**
**2.Реална стапка на принос на зпф (претходни 84 месеци)**

| Датум | 31.12.2023 |
|---|---|
| Годишна стапка на инфлација (во %) | 3.62 |
| Соодност на СЕ и индекс на трошоци на живот | 1.31 |
| Годишна стапка на принос (во %) (претходни 12 месеци) | 2.85 |
| Годишна стапка на принос (во %) (претходни 84 месеци) | 0.05 |

Годишната инфлација во четвртиот квартал бележи пад во однос на претходниот период и во декември 2023 година изнесува 3,62%, со што се намалува влијанието врз инвестициските резултати на задолжителните пензиски фондови. Соодносот на сметководствената единица и индексот на трошоци на живот, после намалувањето од 2021 година, во четвртиот квартал постепено се зголемува и на крајот на 2023 година изнесува 1,31.Потоа, во четвртиот квартал се забележува позитивен (краткорочен) принос во реален износ (2,85%, за претходни 12 месеци) прв пат после декември 2021 година, што најмногу се должи на намалувањето на инфлацијата. Кај долгорочниот принос во реален износ се забележуваат помали осцилации во однос на краткорочниот. Од јуни 2022 година приносот е помал од 2% со тренд на намалување во следните квартали, додека имамало зголемување во декември 2023 година во однос на септември 2023 година, сепак износот на долгорочниот принос е се уште далеку под очекуваното минимално ниво на заштита од инфлација. Македонските пензиски фондови сè уште се во фаза на акумулација, па се очекуваат добри инвестициски резултати во иднина кои ќе ги надоместат неповолните резултати.













**Методологија и подaтоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои четири параметри: движење на годишната стапка на инфлација, движење на сметководствената единица во однос на индексот на трошоци на живот, годишна реална стапка на принос (претходни 12 месеци) - краткорочен принос и годишна реална стапка на принос (претходни 84 месеци) - долгорочен принос. Движењата на сметководствената единица и индексот на трошоци на живот и се прикажани преку промената на индексите/единиците во однос на почетен индекс еднаков на 100, на 31.12.2010 година. Годишната реална стапка на принос се пресметува врз основа на историски податоци на пондерираната сметководствената единица за сите задолжителни пензиски фондови и историски податоци за инфлацијата за соодветниот период.